ПЗУ-Поликлиника од примарна здравствена заштита и биохемиска лабораторија
МЕДИКА Крива Паланка
Подружница Специјалистичка ординација по медицина на трудот
Бр. 0307-11231
23.12 2020 год.
СКОПЈЕ

Јавна Здравствена установа
УНИВЕРЗИТЕТСКА КЛИНИКА ЗА НЕВРОЛОГИЈА
Бр. 0307-1650/1
23-12 2020 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР

**за јавна набавка на посебни услуги**
**Оглас 18012/2020**

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. **ЈЗУ Универзитетска Клиника за неврологија,**
ул. Водњанска бр.17, Скопје застапувана од Директор Д.р- Иван Барбов од една страна, и

**2. ПЗУ Поликлиника МЕДИКА Крива Паланка- подружница Специјалистичка ординација по медицина на трудот Скопје** адреса: ул.Јордан Мијалков бр.4 Скопје со ЕМБС: **5143055** застапуван(о) од Управител Одговорно лице: Гоце Младеновски, (во понатамошниот текст Носител на набавката - Добавувач) од друга страна.

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Предмет на овој Договор за јавна набавка се посебни услуги за набавка на:
**Систематски прегледи на вработените (Стандарден минимум).**
**Количина: Пакетот опфаќа 130 (сто и триесет) вработени.**
**Предвидените количини се максимални, Договорниот орган го задржува правото на намалување на истите.**
Според техничка спецификација дадена во тендерска документација и прифатената понуда на добавувачот која е составен дел на овој договор.

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 4

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик. Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Вкупната цена на услугите изнесува 104.000,00 денари без ДДВ,
ДДВ е 0% денари,
**Вкупна цена со ДДВ: 104.000,00 денари**.
Единечната цена на услугите е дадена во прифатената понуда на добавувачот.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 6

Договорот се склучува за период од една година со важност од 365 дена. Договорот ќе се смета за склучен со потпишување од двете договорени страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА УСЛУГИТЕ

Член 7

Носителот на набавката е должен да ја изврши услугата предмет на договорот за јавната набавка согласно член 22 став 5 од Законот за безбедност и здравје при работа „Службен весник на Република Македонија" број 92/07, 136/11, 23/13, 25/13, 137/13, 164/13,158/14, 15/15, 129/15, 193/15 и 30/16) и Уредбата за видот, начинот, обемот и ценовникот на здравствените прегледи на вработените „Службен весник на Република Македонија" број 60/13 и 168/14).
Здравствените прегледи кај избраниот најповолен понудувач со кого ќе се склучи договор ќе се извршат во рок од **120** дена од денот на склучување на договорот.
Во случај на спреченост одделни вработени лица да ги извршат прегледите во определените термини, треба да им се овозможи прегледите да ги извршат дополнително во други термини, но во